**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЕУ ЦЕНТАР**


# *ЕУ ВЕСТИ*


***јануари 2023 година***

***ЕУЦ-број 79/2023***


## ШВЕДСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2023

Под слоганот: „Позелено, побезбедно и пословодно“, Шведска го презеде шестмесечното претседавање со Советот на Европската Унија, јануари-јуни 2023 година.

На агендата на шведското претседателство е сигурна и безбедна Европа. Заедно со НАТО, ЕУ мора да преземе поголема севкупна одговорност за европската безбедност. Шведското претседателство ќе биде движечка сила за спроведување на целите од Стратегискиот компас на ЕУ. Претседателството ќе даде приоритет на внатрешната безбедност и борбата против организираниот криминал.

Шведското претседателство ќе биде активно и ќе понуди конструктивно лидерство за продлабочување на силните страни на ЕУ и изнаоѓање компромиси во Европскиот совет.

Програмата утврдува четири приоритети и главни насоки за шведското претседателство со Советот на Европската Унија:

**Безбедност – единство:** Шведското претседателство ќе даде приоритет на континуираната економска и воена поддршка за Украина, како и поддршка за патот на Украина кон ЕУ. Борбата против прекуграничниот организиран криминал ќе продолжи, одговарајќи на легитимните барања на граѓаните за безбедни и сигурни заедници.

**Конкурентност:** ЕУ мора да продолжи да обезбедува најдобри можни услови за здрава и отворена економија, заснована на слободна конкуренција, приватни инвестиции и успешна дигитализација. Шведското претседателство ќе се обиде да го зацврсти заедничкиот пристап кон европската конкурентност на врвот на политичката агенда.

**Зелени и енергетски транзиции:** Претседателството ќе продолжи со напорите за соочување со високите и нестабилни цени на енергијата, што ќе се однесува и на долгорочните реформи на енергетскиот пазар. Ќе продолжи со реализација на амбициозни климатски цели, поттикнување на растот и конкурентноста. Една од целите на претседателството е завршување на преговорите за климатскиот пакет: „Подготвени за 55%“, кој содржи низа предлози насочени кон намалување на нето - емисијата на стакленички гасови во ЕУ за најмалку 55% до 2030 година.

**Демократските вредности и владеењето на правото:** Европската Унија се заснова на демократски вредности, отворајќи го патот за кохезија, индивидуални слободи, недискриминација, зголемен економски резултат и глобално влијание. Почитувањето на принципот на владеење на правото и основните права, претставува суштински елемент на шведското претседателство со Советот.

Приоритетите се засноваат на работната програма на Европската комисија за 2023 година и се развиени во тесна соработка со претседателот на Европскиот совет, Европскиот парламент и со високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика.

[The presidency of the Council of the EU - Consilium (europa.eu)]

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Шведско претседателство со Советот на ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Марк Ангал избран за нов потпретседател на ЕП | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Триесет години Европски единствен пазар | 6 |
| Заедничка набавка на гас во ЕУ | 6 |
| Шеесет годишнина од Елисејскиот договор | 7 |
| Нови правила на ЕУ за еднакви плати | 7 |
| Зелен индустриски план на Европската комисија | 8 |
| Хрватска го воведе еврото | 8 |
| Претседателски избори во Чешка | 9 |
| Декларација за партнерсво на ЕУ и НАТО | 9 |
| Економијата за еврозоната | 10 |
| Нови правила за Е-докази | 10 |
| Онлајн образованието во ЕУ во 2022 година | 11 |
| ЕУ календар / февруари 2023 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 12-19 и 26 јануари 2023***

На отворањето на јануарската пленарна сесија на ЕП, претседателката Мецола во своето обраќање пред европратениците се задржа на актуелните случувања и на решеноста да продолжи конструктивноста во истрагите, заедно со другите институции на ЕУ, колку што е тоа потребно.

Во извештајот усвоен со 526 гласа, европратениците предлагаат мерки за социјалната, правната и политичката рамка за правата на лицата со попреченост и ќе помогнат во искоренувањето на стереотипите, способноста и заблудите. Тие повикуваат на систем кој промовира социјално учество, заснован на пристапни заедници, кои ги обезбедуваат потребните услуги и грижа во согласност со Европската стратегија за попреченост.

Во своето обраќање пред пратениците словенечкиот премиер, Роберт Голоб, нагласи дека ЕУ треба да се соочи со високите цени на енергијата и да спроведе регулаторна, рамка која ќе ги намали шпекулациите на енергетскиот пазар во корист на потрошувачите. Тој ја нагласи потребата за стабилизирање на Западен Балкан и понатамошната интеграција во Европа.

Европарламентот одржа дебата со Европската комисија за сомневањата за корупција од страна на Катар, како и пошироката потреба од поголема транспарентност во институциите на ЕУ. Комесарката за внатрешни работи, Илва Јохансон, најави дека Комисијата во 2023 година ќе предложи нов закон со кој се криминализираат сите форми на корупција во сите земји-членки, не само мито, туку и трговија со влијание, незаконско богатење, проневера и злоупотреба на власта, со строги казни.

Европратениците со 555 гласа одобрија Пакет за помош од 718,5 милиони евра од Фондот за солидарност на Европската Унија (EUSF), од кој 612,6 милиони евра се наменети за Германија, 87,7 милиони евра за Белгија, 4,7 милиони евра за Холандија, 797.520 евра за Австрија, 1,8 милиони евра за Луксембург, за Шпанија 9,5 милиони евра и за Грција 1,4 милиони евра.

Наградата „Сахаров“ на Европарламентот за 2022 година беше доделена на народот на Украина, на церемонија на 14 декември.

Во дебатата со Европскиот совет и со Европската комисија, европратениците побараа пониски цени на енергијата и да се дозволи на Бугарија и на Романија да се приклучат на Шенген зоната.

Во усвоената резолуција Европскиот парламент повика на прекин на долготрајниот израелско-палестински конфликт и окупација на палестинските територии преку продолжување на вистинските мировни преговори.

Европратениците дадоа согласност за изменетата регулатива, која дозволува пакетот за поддршка од 18 милијарди евра да биде префрлен во Украина, откако Унгарија стави вето на првичниот предлог.

Европратениците дадоа поддршка на плановите за зајакнување на распоредувањето на обновливите извори на енергија. Предложениот закон ќе ја забрза постапката за давање дозволи за нови електрани од обновлива енергија, како што се соларни панели или ветерници, или за адаптација на постојните.

Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Кина, Чад и во Бахреин.

Европарламентот со 366 гласа усвои резолуција за „Унапредување на МФР 2021-2027: отпорен буџет на ЕУ погоден за нови предизвици“.

Во усвоената резолуција Европскиот парламент го признава гладот што го нанесе советскиот режим на Украина во 1932-1933 година, познат како Холодомор - како геноцид.

Европскиот парламент со 541 глас усвои резолуција за сомневањата за корупција од страна на Катар и за пошироката потреба од поголема транспарентност во институциите на ЕУ.

Претседателката на ЕП, Роберта Мецола, ги информираше европратениците за мерките што се преземаат за зголемување на интегритетот, независноста и одговорноста на Парламентот. Настаните во изминатиот месец доведоа до потреба од повторно градење доверба со европските граѓани, што ги претставуваме.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



Шведскиот премиер, Улф Кристерсон, во дебатата со европратениците ги претстави приоритетите на шведското претседателство на Советот на ЕУ.
Европарламентот ја усвои својата преговарачка позиција за новиот закон за ревидирање на процедурите и мерките за контрола на ЕУ за пратките на отпад. Ревидираната легислатива треба поефективно да ги заштити животната средина и здравјето на луѓето, истовремено искористувајќи ги целосно можностите што ги дава отпадот за да се постигнат целите на ЕУ за кружна економија и нула загадување.
Европратениците усвоија резолуција за 30-годишнината од единствениот пазар на ЕУ со 537 гласа. Текстот ги прикажува најитните предизвици со кои се соочува единствениот пазар денес и препораки за патот кон напред.
Извештајот, кој е усвоен со 577 гласа, бара усогласени правила за да им се даде на родителите добар преглед и контрола на игрите што ги играат нивните деца, како и колку време и пари трошат играјќи.
Во усвоената резолуција европратениците бараат руското политичко и воено раководство да одговара за злосторството и за агресијата врз Украина.
Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Бразил, Мароко и во Нагорно Карабах.
Во своето обраќање пред Европскит парламент израелскиот претседател, Исак Херцог, ги повика европратениците да работат на искоренување на антисемитизмот во Европа и да ја усвојат дефиницијата за антисемитизам на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот.

https://www.europarl.europa.eu

## МАРК АНГАЛ ИЗБРАН ЗА НОВ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЕП



Европскиот парламент го избра луксембуршкиот социјалдемократ Марк Ангал за нов потпретседател, откако неговата претходничка, Ева Каили, беше уапсена и разрешена под обвинение за примање мито од Катар.
Ангал, кој е член на Европскиот парламент од 2019 година, стана еден од 14-те потпретседатели на ЕП, а беше избран по два круга тајно гласање.
Тој во првиот круг ја доби поддршката од 263 од вкупно 555 пратеници кои гласаа, додека италијанската претставничка од десничарскиот клуб „Идентитет и демократија“, Анализа Тардино, доби 179 гласа. Француската претставничка од Зелените, Гвендолин Делбос-Корфилд, доби 113 гласа.
Ангал по вториот круг го обезбеди неопходното супермнозинство меѓу пратениците што гласаа. За него гласаа 307 од 590 пратеници, а 55 беа воздржани. Тардино го поддржаа 185 од нив, а Делбос-Корфилд 98.
Минатиот месец ЕП го потресе истрагата на белгиското правосудство во која, под сомнение за корупција, беше приведена поранешната потпретседателка на тоа тело, грчката социјалистичка претставничка, Ева Каили.

https://www.euronews.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 16 јануари 2023 година претседателот на Собранието, Талат Џафери, имаше средба со регионалниот директор на Фондацијата за демократија на Вестминстер за Европа и Централна Азија, Кристијан Левик, во чија придружба беше регионалниот заменик-директор и директорката на Канцеларијата на ВФД, Дамир Незири и Дона Костуранова. На средбата присуствуваше и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова. На средбата Џафери истакна дека Собранието останува отворено како и досега, за продолжување на веќе започнатите и иницирање нови заеднички проекти во рамките на Стратешкиот план на Собранието 2023-2027 година.

www.sobranie.mk

Националниот совет за евроинтеграции на 9 јануари 2023 година ја одржа осмата седница, на која беа презентирани програмата и приоритетите на шведското претседателство со Советот на Европската Унија за период јануари-јуни 2023 година од страна на амбасадорката на Кралството Шведска, Н.Е. Ами Ларсон Цеин. На седницата присуствуваа Н.Е. Дејвид Гир, амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ, Н.Е.Јарослав Лудва, амбасадор на Чешката Република, претставници од амбасадата на Кралството Шпанија и од Делегацијата на ЕУ. На седницата свои обраќања имаа Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на ЕУ, Александар Николоски, претседател на Советот, Соња Мираковска, потпретседател на Советот, Бојан Маричиќ, заменик-претседател на Владата задолжен за европски интеграции, Дарко Каевски и Рина Ајдари, членови на Советот и Арта Биљали Зендели, заменик-член на Советот.





Комисијата за европски прашања на Собранието на 23 јануари 2023 година ја оддржа 48-та седница, на која вицепремиерот задолжен за европски прашања, Бојан Маричиќ, даде воведно излагање за досегашниот тек на скринингот на Република Северна Македонија. Претседателот на Комисијата, Арбер Адеми, истакна дека во Европската Унија е вратен моментумот во пристапниот процес, по повеќе од една деценија. Во расправата учествуваа пратениците: Снежана Калеска Ванчева, Халил Снопче, Марија Петрушевска и Гордана Сиљановска Давкова, кои истакнаа дека од особена важност е навременото информирање на Парламентот за текот на скринигот.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

На 30 јануари 2023 година во Стокхолм претседателот на Комисијата за европски плашања, Арбер Адеми, учествуваше на Конференцијата на претседателите на комисиите за европски прашања КОСАК. На Конференцијата беше претставена претстојната програма и приоритетите на шведското претседателство со Советот на ЕУ за првото полугодие од оваа година. Адеми информираше дека Европската комисија позитивно го оценила нивото на подготвеност на нашата администрација и одличниот старт на скрининг-процесот.













Делегација составена од пратениците, Дарко Каевски, шеф на делегацијата, Александар Николоски и Арта Билали Зендели, членови на делегацијата од 25 до 27 јануари 2023 година учествуваа на јануарската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Свое обраќање на темата: „Заедничките вредности и мултилатерализмот заснован на меѓународното право“ имаше Александар Николоски, кој нагласи дека солидарноста и издржливоста на европските демократии, почитувањето на човековите права и владеењето на правото се најдобри гаранти за просперитетот, безбедноста и за мирната иднина. На состанокот на Бирото на Парламентарното собрание на Советот на Европа, одржан на 27 јануари во Стразбур, на предлог на политичката партија на Европските народни партии, Александар Николоски беше избран за член на мониторинг-комисијата. Шефот на делегацијата, Дарко Каевски, се обрати на темата: „Правните аспекти и човековите права од агресијата на Руската Федерација против Украина“. Во текот на сесијата, Дарко Каевски беше избран и за потпретседател на политичката група на социјалистите, демократите и на зелените.
На дебатата за актуелно прашање на тема: „Неодамнешните тензии меѓу Приштина и Белград“, свое обраќање имаше Арта Биљали Зендели.




На 18 јануари 2023 година Лидија Тасевска, шеф на делегацијата на Собранието во ПАБСЕК, учествуваше во работата на Постојаниот комитет на ПАБСЕК, што се одржа во Истанбул, Репбулика Турција. На состанокот учествуваа и шефовите на делегациите на Бугарија, Грузија, Романија, Молдавија, Србија, Туркије, Украина, Азербејџан, Грција и на Русија. На крајот на состанокот беа усвоени завршни заклучоци и присутните беа информирани за наредните планирани активности на ПАБСЕК.

## ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ЕВРОПСКИ ЕДИНСТВЕН ПАЗАР



Европската Унија годинава ја одбележува 30-годишнината од Европскиот единствен пазар – едно од главните достигнувања на европската интеграција. Основан на 1 јануари 1993 година, Европскиот единствен пазар овозможува слободно движење на стоките, услугите, луѓето и на капиталот низ ЕУ, олеснувајќи го животот на луѓето и отворајќи нови можности за бизнисите.
Во текот на 30 години, Единствениот пазар доведе до пазарна интеграција меѓу економиите на земјите-членки, служејќи како двигател за раст и конкурентност и поддржувајќи ја економската и политичката моќ на Европа на глобално ниво. Таа одигра клучна улога во забрзувањето на економскиот развој на новите земји-членки, кои се приклучија на ЕУ, отстранувајќи ги бариерите за влез и поттикнувајќи го растот.
Во декември 2022 година, за време на почетокот на серијата настани за одбележување на 30-годишнината од Единствениот пазар, Комисијата презентираше аналитички труд за состојбата на Единствениот пазар 30 години по неговото формирање и неговата улога како двигател на отпорноста на ЕУ. Во текот на 2023 година се предвидени бројни дебати, изложби и кампањи коорганизирани со засегнатите страни ширум ЕУ за промовирање на успесите на Единствениот пазар и вклучување на граѓаните во дискусијата за неговата иднина. Во овој контекст, Комисијата ќе издаде соопштение во кое ќе ги прикаже значајните достигнувања и придобивки од Единствениот пазар, истовремено идентификувајќи ги празнините во спроведувањето и идните приоритети за единствениот пазар да продолжи да игра клучна улога.

https://ec.europa.eu/commission

## ЗАЕДНИЧКАТА НАБАВКА НА ГАС ВО ЕУ



Потпретседателот на Европската комисија, Марош Шефчович, на 16 јануари 2023 година истакна дека Европската комисија сака земјите од ЕУ да започнат заеднички набавки на гас пред летото, во обид да се избегне недостиг на снабдување следната зима.
„Работиме на густ распоред за да се подготвиме навреме за следната зима и за сезоната за полнење складишта“, истакна Шефчовиќ по првиот состанок на претставниците за координација на планираните набавки на земјите од ЕУ.
Шефчович побара од земјите-членки да потврдат дали се заинтересирани да се приклучат на заедничката шема за купување гас на ЕУ, потег за кој Европската комисија се надева дека ќе ѝ помогне на Европа да ги наполни складиштата.
Комисијата сака да ја објави количината гас што европските земји планираат заедно да ја купат на пролет. Земјите на ЕУ мора да се погрижат нивните локални компании да учествуваат во купувањето гас во запремнина од 15% од гасот, кој е потребен за полнење складишта на таа земја до 90% капацитет.
Низ ЕУ, барањата од 15% изнесуваат околу 13 милијарди кубни метри гас, според податоците на Евростат.

https://www.reuters.com

## ШЕЕСЕТ ГОДИШНИНА ОД ПОТПИШУВАЊЕТО НА ЕЛИСЕЈСКИОТ ДОГОВОР




На 22 јануари 1963 година, во Елисејската палата во Париз, официјалната резиденција на францускиот претседател, западногерманскиот канцелар Конрад Аденауер и францускиот претседател, Шарл де Гол, го потпишаа Елисејскиот договор.
Целта на Елисејскиот договор беше да организира редовни меѓувладини консултации за да се најде што е можно поголем договор за надворешната и за безбедносната политика.
На 40-годишнината од Елисејскиот договор во 2003 година, двете страни се согласија да одржуваат редовни заеднички министерски совети. Во 2017 година, претседателот Емануел Макрон, во неговиот познат говор во Сорбона за иднината на ЕУ, повика на нова измена на Елисејскиот договор. Тоа резултираше со Договорот од Ахен од 2019 година, кој вклучува работи како француско-германско парламентарно собрание и граѓански фонд за зближување на луѓето.
За одбележување на 60-годишнината од потпишувањето на Елисејскиот договор, претставници од германскиот Федерален кабинет го посетија Париз и се сретнаа со нивните француски колеги. На средбите фокусот беше насочен на француско-германското пријателство и на блиската соработка во актуелните европски и меѓународни прашања и во однос на економската политика.
Олаф Шолц, германдскиот сојузен канцелар и францускиот претседател, Емануел Макрон, ветија дека идните реформи ќе мора да вклучат подобрувања на механизмите за донесување одлуки, со можност за мнозински одлуки за некои политички области во ЕУ. „Тоа би бил голем чекор напред за Европа“, истакна сојузниот канцелар, Шолц. Двете влади објавија француско-германска декларација во која се обврзаа на билатералното пријателство и ги истакнаа предизвиците со кои се соочува иднината на Европа.

https://www.euronews.com

## НОВИ ПРАВИЛА НА ЕУ ЗА ЕДНАКВИ ПЛАТИ




И покрај принципот на еднаква плата за еднаква работа, содржан во договорите на ЕУ, нејзината имплементација сè уште е многу ограничена. Жените во Европа во просек заработуваат 13% помалку на час од мажите. Преговарачите на Европската Унија на 19 јануари 2023 година постигнаа договор меѓу Европскиот парламент и земјите-членки на ЕУ за директива да се направат платите потранспарентни, со цел да се намали родовиот јаз во платите низ ЕУ.
Студијата на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) покажа дека мерките за транспарентност на платите придонесуваат за намалување на јазот во платите, но главно со намалување на заработката на мажите, место зголемување на платите на жените. Сепак, ОЕЦД нагласува дека ваквите мерки остануваат важна алатка во борбата против нееднаквоста.
Вработените ќе имаат право на пристап до податоци поделени според полот за да видат дали нивниот работодавец подеднакво ги плаќа мажите и жените. Дополнително ќе можат да имаат увид во критериумите со кои се дефинираат платите и покачувањата.
Работодавачите нема да имаат право да ги прашуваат кандидатите за нивната претходна плата, што ќе ја ограничи можноста нивните претходни позиции да влијаат на висината на платата што ќе ја понуди потенцијалниот нов работодавач.
Земјите-членки ќе определат казни доколку не се почитува принципот на еднаква плата, додека работниците ќе имаат право на компензација доколку компаниите не ги почитуваат овие обврски. Амбасадорите на Европската Унија и Парламентот ќе треба официјално да го одобрат договорот, а земјите-членки потоа ќе имаат три години да ги вклучат барањата за транспарентност во нивните национални закони.

https://euractiv.mondo.rs

## ЗЕЛЕН ИНДУСТРИСКИ ПЛАН НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА




На Светскиот економски форум во Давос на 17 јануари 2023 година, претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, во својот говор го најавни Зелениот индустриски план на Комисијата. Тој план треба да претставува дел од европскиот одговор на американската програма за субвенции и даночни олеснувања во областа на зелената технологија.
Зелениот индустриски план се потпира на четири столба: регулирано опкружување, финансирање, вештини и трговија. Потребно е создавање регулирано опкружување, кое овозможува брзо проширување и создавање поволни услови за клучните сектори за постигнување на целта за нула нето-емисии. Тие вклучуваат енергија од ветер, топлински пумпи, чист водород и складирање“, истакна Лајен.
За таа цел ЕК ќе предложи нов закон за индустрија, со нула емисии стакленички гасови, по моделот на Законот за полупроводници, кој ќе идентификува јасни цели за чистата технологија во Европа до 2030 година.
Како дел од вториот столб на Зелениот индустриски план, ЕУ има намера да ги зајакне инвестициите и финансирањето на производството на чиста технологија. Во таа насока, ЕК ќе предложи привремено адаптирање на правилата за државна помош. Тие вклучуваат даночни олеснувања и насочена помош за производство во стратешки важниот синџир на чиста технологија за да се спротивстави на ризиците од преместување на производните капацитети во трети земји поради странски субвенции.
За третиот столб на Зелениот индустриски план Лајен го посочи „развојот на вештините, бидејќи и најдобрите технологии важат само доколку има квалификувани луѓе кои се способни да управуваат и да ги користат“.
Лајен како четврти столб го посочува олеснувањето на еднаква и отворена трговија, од која корист ќе имаат сите. Затоа, ЕУ ќе се залага за трговски договори со земји како Канада, Велика Британија, Мексико, Чиле, Нов Зеланд и Австралија.

https://ec.europa.eu

## ХРВАТСКА ГО ВОВЕДЕ ЕВРОТО




Хрватска на 1 јануари 2023 година го воведе еврото и влезе во Шенген. Со тоа започна периодот на двојна циркулација, кој ќе трае до 14 јануари, а во тој период при готовински трансакции, покрај еврото, како законско средство за плаќање, може да се користи и куната. Укинати се граничните контроли на копнените и на поморските гранични премини, а на пролет ќе бидат укинати и на аеродромите.
Министерот за внатрешни работи, Давор Божиновиќ, во Брегана беше домаќин на словенечката министерка, Сања Ајановиќ Ховник, а по кратката средба точно на полноќ, истовремено беше подигната рампа од двете страни на границата, со што се овозможи слободен премин меѓу двете земји.
Со воведувањето на еврото хрватскиот државен инспекторат извршил 8.028 контроли, со цел заштита на потрошувачите и на работниците и правилно информирање на потрошувачите за цените на производите и на услугите во куни и во евра. Инспекторатот утврдил 1.738 прекршувања на одредбите од Законот за воведување на еврото како официјална валута во Хрватска и обврската за двојно објавување на цените, како и 51 случај на продажба на одредени прехранбени производи над максимално дозволената цена на големо, утврдена со одлука на Владата.

https://www.ecb.europa.eu

## ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ВО ЧЕШКА



Претседателските избори во Чешка се одржаа во два круга - на 14 и на 28 јануари 2023 година. Во првиот круг од изборите имаше осум кандидати, меѓу кои и универзитетската професорка, Дануше Нерудова. Нерудова водеше во некои анкети во ноември, но таа забележа дека нејзината поддршка опаѓа откако Универзитетот „Мендел“, каде што беше најмладиот ректор досега, започна истрага за валидноста на докторатите што се доделуваат на странски студенти со нејзина дозвола.
Во вториот круг од изборите во трка останаа Андреј Бабиш, поранешен премиер и Петр Павел, поранешен армиски началник и висок функционер на НАТО.
По пребројувањето на гласовите генералот, Петр Павел освои 58,3% од гласовите, додека противникот, лидерот на опозицијата, Андреј Бабиш, освои 41,87% од гласовите. Излезноста на изборите во вториот круг достигна речиси 70% од вкупно 8,25 милиони регистрирани гласачи.
Претседателството во Чешка е претежно церемонијално. Шефот на државата ја именува Владата и е врховен командант на вооружените сили; избира гувернер на централната банка и уставни судии.

## ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПАРТНЕРСТВО НА ЕУ И НАТО




Лидерите на Европската Унија и на НАТО на 10 јануари 2023 година во Брисел потпишаа трета Заедничка декларација за соработка, во која укажуваат дека двете организации се соочуваат со најголема закана за евроатлантската безбедност во последните децении и се обврзуваат да го унапредат партнерството.
Потписниците на Декларацијата, претседателите на Европскиот совет и на Европската комисија, Шарл Мишел и Урсула фон дер Лајен, како и генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг истакнаа дека ќе го подигнат партнерството на ЕУ и на Алијансата на повисоко ниво врз основа на нивната долгорочна соработка, во време на развој на безбедносните закани и предизвиците со коишто се соочуваат.
„Стратешкото партнерство на НАТО и на ЕУ се заснова на нашите заеднички вредности, нашата решеност да се соочиме со заедничките предизвици и нашата недвосмислена посветеност за промовирање и зачувување на мирот, слободата и просперитетот во евроатлантската област“, се истакнува во една од 14. точки на Декларацијата.
Лидерите посочуваат дека ЕУ и НАТО се соочуваат со најголемата закана за евроатлантската безбедност во последните неколку децении и „најостро ја осудуваат агресијата“ на Русија против Украина.
Лидерите се обврзуваат да го подобрат партнерството меѓу НАТО и ЕУ со блиски консултации и соработка со сите членки, во духот на целосна заемна отвореност и во согласност со автономијата на двете организации во донесувањето одлуки.

https://www.consilium.europa.eu

## ЕКОНОМИЈАТА НА ЕВРОЗОНАТА



Економијата на еврозоната оствари раст во последните три месеци од 2022 година. Растот на германската економија во четвртиот квартал од минатата година беше полош од очекуваниот, што претставува знак дека најголемата европска економија поради тешко погоденото производство и намалената побарувачка, веројатно влегува во рецесија.
Додека економистите очекуваа БДП да остане ист, тој се намали за 0,2% во последните три месеци од 2022 година во споредба со претходниот квартал, објави на 30 јануари годинава Германскиот завод за статистика. Германскиот завод за статистика објави дека германскиот економски пад е резултат на намалената побарувачка пред сè поради зголемените трошоци за енергија. Германската економија сега е 0,2% поголема отколку пред пандемијата, што е побавно закрепнување отколку во остатокот од Европската Унија.
Додека Германија и Италија забележаа негативни стапки на економски раст во четвртиот квартал од минатата година, Франција и Шпанија го зголемија растот, се наведува во најновиот извештај на Евростат. Според извештајот објавен на 31 јануари, еврозоната забележа раст во последните три месеци од 2022 година, успевајќи да избегне рецесија и покрај тоа што огромните трошоци за енергија и растот на каматните стапки земаа тежок данок на економијата на валутниот блок.
Бруто-домашниот производ на еврозоната порасна за 0,1% во четвртиот квартал, споредено со претходната година, растот е 1,9%.
Зголемувањето на цените на нафтата и на гасот ги исцрпи и ги забави инвестициите, додека ЕЦБ покрена невидени зголемувања на каматните стапки за да ја запре инфлацијата.
Според „Ројтерс“, економијата покажала и одредена неочекувана издржливост (слично како во текот на пандемијата на Ковид-19) кога растот ги надмина очекувањата, бидејќи претпријатијата побрзо се приспособуваа на променетите околности отколку што тоа го предвидуваа креаторите на политики.

https://www.reuters.com

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА Е-ДОКАЗИ



По привремениот договор меѓу Советот и Европскиот парламент, на 31 јануари 2023 година Комитетот за правда и внатрешни работи ги потпиша новите правила на ЕУ за прекуграничен пристап до електронски докази.
Договорот го подобрува прекуграничниот пристап до таканаречените „е-докази“ во кривичната постапка и им овозможува на истражните органи да ги упатуваат судските наредби за е-докази директно до давателите на услуги, како што се социјалните медиуми, во друга земја-членка. Досега прекуграничниот пристап до е-докази беше бавен и податоците често беа бришани пред да почне гонењето.
Европската комисија ги претстави своите предлози за правилата за е-докази во 2018 година и конечниот договор сега ќе биде ставен на гласање на идната пленарна седница пред да биде потпишан во правото на ЕУ.
Биргит Сипел, портпарол за правда и внатрешни работи и преговарач во Парламентот за е-докази, истакна дека за прв пат националните истражни власти ќе можат директно да бараат од давателите на услуги во другите земји-членки на ЕУ да ги предадат или да ги обезбедат електронските докази, со јасни рокови и униформни правила во ЕУ.

https://www.europarl.europa.eu/

## ОНЛАЈН ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ЕУ ВО 2022 ГОДИНА

За време на пандемијата Ковид-19, кога луѓето беа охрабрени да го ограничат социјалниот контакт, онлајн курсевите беа безбедна алтернатива за образование и обука и се зголеми нивната популарност. Како што се олесниja социјалните ограничувања, популарноста на онлајн курсевите се намали.
Во 2022 година 26% од луѓето на возраст од 16 до 74 години во ЕУ изјавиле дека посетиле онлајн курс или користеле онлајн материјал за учење три месеци пред истражувањето, што претставува намалување за 2 процентни поени (п.п.) во споредба со 28% во 2021 година.
Во 2022 година, меѓу сите членки на ЕУ, Финска имаше најголем удел (50%) од луѓето на возраст од 16 до 74 години кои посетуваат курсеви преку интернет или користат онлајн материјали за учење, а потоа следуваат: Шпанија (42%), Шведска и Холандија (и двете 40%) .
Посетувањето курсеви преку интернет или користењето онлајн материјал за учење не беше многу вообичаено во Романија (8%), Бугарија (11%) и во Полска (15%). Ова покажува дека учеството во онлајн образованието се намали во споредба со 2021 година. Во 2022 година уделот на луѓе кои посетуваат курсеви преку интернет или користат онлајн материјали за учење се намали во сите земји на ЕУ, освен во Финска (+5 п.п. во 2022 година во споредба со 2021 година), Хрватска (+ 1 п.п.) и Чешка и Италија (и двете непроменети). Највисоки намалувања се регистрирани во Словенија (-7 п.п.), Луксембург (-6 п.п.) и во Белгија, Естонија, Австрија и во Шведска (сите -5 п.п.).




https://ec.europa.eu

### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО МЕСЕЦ ЈАНУАРИ 2023 ГОДИНА

1. *Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор
2. *Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола



***ЕУ КАЛЕНДАР / февруари 2023***

1. *Состанок на Советот за општи работи, 6 и 21/2/2023, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за надворешни работи, 20/2/2023, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 1,2 и 13-16/2/2023, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




